Бр./Nr 12-2521/2

15-10-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2521/1 од 19.09.2025 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што ДКСК веќе има постапено и одлучено по пријава со исти/слични наводи.

Предметот со бр. 12-2521/1 од 19.09.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 17.10.2024 година, е поднесена пријава заведена под бр. 12-2521/1 од 19.09.2025 година. Во пријавата подносителот изнесува наводи кои веќе се опфатени во пријавата по која е донесена одлука од страна на ДКСК во предметот со бр. 12----/1 од 11.07.2024 година.

Имено, во пријавата заведена со број 12-2521/1 од 19.09.2025 година подносителот посочува на потребата од преземање на конкретни реформски мерки заради решавање на системската корупција во Министерството за --- - Управа за --- и во --- на РСМ.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Изнесеното го базира на спроведената постапка за приватизација со број ---, каде Министерството за --- - Управа за ---, подрачно одделение ---, го прикрил важечкиот урбанистички план од 2012 година и наместо него презентирал подоцнежен и противречен план од 2013 година, со што Управата систематски ја довела во заблуда странката во постапката и Државниот управен инспекторат, а врз основа на што Државното правобранителство издало правно ништовно позитивно мислење. Наведува дека доказ за посочената ситуација, прибавил преку Основното јавно обвинителство ---, поради што укажува на тоа дека граѓаните биле принудени да иницираат кривични постапки, како би биле обезбедени материјални докази.

Поради наведените состојби, даден е предлог на активности за реформи во чиј опфат се неколку институции (целосна дигитализација на процесот на управните предмети, овозможување на транспарентен пристап за странките, задолжителна електронска комуникација и интероперабилност, јавен регистар на мислења на Државното правобранителство), со кои смета дека ќе се реши проблемот околу нетранспарентните постапки кои се темелат на физичкото управување со хартиена документација.
Пријавата е доставена до повеќе институции: Министерството за финансии, Државното правобранителство, Министерството за правда, Секретаријат за европски прашања и други институции, меѓу кои и до ДКСК.

По разгледувањето на пријавените наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по предмет во кој се опфатени наводите во однос постапката за приватизација со број ---, водена пред Управата---, заведен со број --- од 17.07.2024 година, оформен врз основа на поднесена пријава од страна на истиот подосител. Наводите во предметот со број --- од 17.07.2024 година се однесуваат на несоодветно постапување на --- и ---, службени лица во Управата, од причина што, при извршениот обид на подносителот да го подигне управниот акт – Решение за одбивање на предлогот за огласување на делумна ништовност од 27.06.2024 година, од страна на раководителот --- и советникот за првостепена управна постапка --- му било укажано дека неможеле да му го издадат решението додека не се вратело лицето --- коешто го користела правото на годишен одмор, со образложение дека тоа било негов предмет. Подносителот на пријавата, како

незадоволна странка, побарал да даде изјава, а откако пријавените лица одбиле да направат записник, подносителот на пријавата повикал припадници на СВР --- кои направиле записник за непостапување на службени лица. Непостапувањето на службените лица од Министерството за --- на подносителот на пријавата му причинувало директна материјална штета, но и му се ускратувало правото на жалба којашто немал право да ја поднесе се додека од страна на Министерството за --- не му се издаде/врачи управниот акт Решение за одбивање од 27.06.2024 година.

Во постапувањето по овој предмет на 8-та седницата на ДКСК, одржана на 24.07.2024 година е донесена Одлука со која пријавата се отфрла и истата, заедно со предметните списи била доставена на Министерството за --- - Управа --- заради натамошно надлежно постапување, од причина што согласно одредбите од член 70, 75, 76 и 77 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), е утврдено дека, институцијата надлежна за спроведување на дисциплинска постапка и изрекување на дисциплинска мерка на пријавените административни службеници е нивниот работодавач, во конкретниот случај Министерството за --- - Управа за ---.

Врз основа на наведеното, а по разгледувањето на пријавата со 12-2521/1 од 19.09.2025 година, ДКСК констатира дека веќе има постапено и одлучено по пријава со исти/слични наводи како предметната пријава, во предмет со бр. --- од 11.07.2024 година, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изработил:м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор